Врз основа на член 393 од Законот за трговски друштва, Мегународен транспорт и шпедиција ЖАС АД Скопје, објавува:

# П О В Т О Р Е Н   П О В И К

презакажано собрание

Се известуваат сите акционери на Меѓународен транспорт и шпедиција ЖАС АД Скопје, дека седницата на Годишното Собрание на акционерите ќе се одржи на ден 05.06.2023 година, со почеток во 12:00 часот, во седиштето на друштвото на ул.Перо Наков бр.1, Скопје.
За работата на Собранието се предлага следниот:

## ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД

А. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на записничар за водење записник на седницата на Собранието;
3. Избор на двајца заверувачи на записникот;
4. Утврдување на бројот на гласови за работата и одлучувањето на Собранието (кворум).

Б. РАБОТЕН ДЕЛ

1. Разгледување и усвојување на годишната сметка и годишниот извештај за работењето на друштвото за 2022 година со извештај од овластен независен ревизор.
- Одлука за усвојување на годишната сметка на друштвото со извештај на овластен независен ревизор за 2022 година.
- Одлука за усвојување извештај за работењето на друштвото за 2022 година.

2. Разгледување на годишниот извештај на Одборот на директори за работењето на друштвото за 2022 година.
- Одлука за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2022 година.

3. Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на Годишната сметка и на финансискиот извештај на друштвото за 2023 година.

Секој акционер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на друштвото е должен да го пријави своето учество (Пријава за учество на Собрание). Пријавата да се достави до друштвото, најдоцна три дена пред почетокот на Собранието.
Учество на презакажаното собрание повторно не се пријавува.
Собранието ќе одлучува само за точки кои се уредно ставени на дневен ред согласно Законот за трговски друштва.
Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести друштвото по писмен пат.
Материјалите за Собранието на друштвото и дополнителните информации согласно Законот за трговски друштва им се достапни на акционерите со денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на друштвото на ул.Перо Наков бр.1, Скопје.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО